**Реакција по повод донесувањето на**

**Одлука за формирање на Совет за соработката меѓу Влада и граѓанскиот сектор**

На 17.5.2016 година, согласно Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017, на својата редовна седница Владата на Република Македонија ја усвои Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија со граѓанскиот сектор *(Службен весник бр. 99/2016)*. Како организации кои се залагаат за развиен граѓански дијалог и унапредена соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор, ја поздравуваме донесената одлука за воспоставување на Советот за соработка и во најголем дел прифатените сугестии на граѓанските организации дадени во првата консултативна фаза (ноември 2014 г. - јануари 2015 г.), но истовремено сме загрижени за повторениот процес и за дел од содржината на Одлуката.

Прво, сметаме дека процесот на консултации во фазата пред усвојување на Одлуката не беше доволно партиципативен. Организациите имаа можност да се запознаат со новата содржина на Одлуката на два работни дена пред нејзино усвојување без можност за дополнителни писмени предлози. Имено, двочасовните консултации беа остварени на 13 мај 2016 во Скопје, а Одлуката е усвоена од страна на Владата на 17 мај 2016.

Второ, во однос на содржината нашата голема загриженост се однесува на застапеноста, односно бројноста на граѓанските организации во Советот. Конкретно, спротивно на добрите меѓународни практики и целта на ова тело, предвидено е мнозинството во Советот да е од редовите на органите на државната управа. Советот како консултативно тело без законодавни или извршни надлежности од репрезентативен карактер се воспоставува во знак на взаемна доверба и спремност за унапредување на дијалогот помеѓу Владата и граѓанското општество. Така, во советодавните тела на Хрватска и Косово, мнозинството членови се претставници од граѓанскиот сектор, додека во Црна Гора бројноста е еднаква и за претставниците од институциите и за претставниците од организациите. Затоа неопходно е за меѓусебна доверба и непречена соработка мнозинството на членови на Советот да биде од редот на претставниците на граѓанските организации. Конечно, првата нацрт-Одлука предложена од Владата во декември, 2014 г. предвидуваше такво мнозинство и во ниеден момент досега од страна на граѓанските организации не е побарано промена на соодветната одредба.

Трето, доколку целта на Совет е креирање дијалог и унапредување на политики и мерки за развој на граѓанското општество, предложеното ниво на државни службеници не

укажува на постигнување на оваа цел. Сметаме дека е потребно претставниците од органите на државната управа да се лица вработени во органот кои имаат најмалку три години искуство во соодветната област и имаат статус на раководни административни службеници од категорија Б. Ова би овозможило спроведување на одлуките на Советот во соодветните министерства и органи на државна управа и воедно ќе значи враќање на решението предложено со нацрт-Одлука подготвена од страна на Владата во декември 2014 г.

И на крај ја изразуваме нашата загриженост за несоодветноста на временскиот период во кој е донесена оваа Одлука. Политичката криза, актуелните општествени случувања и се повидливата затвореност на институциите за граѓанскиот сектор ќе влијаат ограничувачки врз спроведувањето на одредбите на Одлуката. Ова особено ќе се одрази врз изборот на членови на Советот и од редовите на државните инстутиции, и од граѓанските организации, бидејќи истиот би се случил во период на отсуство на меѓусебна доверба и соработка. Веруваме дека воспоставувањето на Советот треба да се случи во политички стабилна ситуација и со Влада која ќе има целосен легитимитет, наспроти сегашната која е со технички односно преоден мандат.

Веруваме дека надлежните институции ќе ги земаат предвид нашите укажувања и ќе изнајдат решение за подобрување и соодветна функционалност на Одлуката, а со тоа и на Советот за соработка кој за граѓанскиот сектор претставува клучна алатка за дијалог и артикулирање на потребите за негов континуиран развој.

Бр. 11-40/31-2016
20 мај 2016 г., Скопје

Александар Кржаловски
Прв извршен директор

Македонски центар за
меѓународна соработка

Бр. 08-96/4-2016

Тања Хафнер Адеми
Извршен директор

Балканска мрежа за развој
на граѓанското општество